Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа(Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23), и Годишната програмата на активности од обласста за заштита на животната средина за 2024 одина(Служвен гласник на Општина Ѓорче Петров број 14/240, советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница одржана на ден 30.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, за граѓаните- жители на општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Финансиските средства за субвенционирање на дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) во 2025 година, за граѓаните -жители на општина Ѓорче Петров, се планирани во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година, во висина од 1.000,000.00 денари.

**Член 3**

Висината на субвенцијата зависи од тоа кој уреди се набавени од граѓаните кои се пријавиле за добивање на финансиски средства за субвенционирање на трошоци направени при набавка на топлински пумпи при што субвенцијата се определува на следниот начин:

-Субвенционирање до 50% од трошоците за купување на клима уреди или максимум до 15.000.00 денари;

-Субвенционирање на 10% од трошоците за купување на топлинска пумпа или максимум до 21.000.00 денари.

**Член 4**

Основни критериуми за доделување на субвенции на граѓаните-жители на општина Ѓорче Петров се:

-Да имаат живеалиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров;

-Домаќинството да нема претходно искористено субвенции или право на поврат на средства за набавка на било каков топлотен уред за затоплување на сопственото домаќинство (печка на пелети или инвертери);

-Да е корисник на печка на јаглен, дрва, нафта или мазут,

-Да ја предаде постојната печка на јаглен, дрва, нафта или мазут на Општина Ѓорче Петров.

-Набавениот уред да биде купен во 2025 година, се до завршување на Јавниот оглас, истиот да биде исплатен во целост и да биде инсталиран на адресата на живеење наведена во личната карта на барателот. Доколку уредот е купен на рати, истиот да биде купен во 2025 година и ратите да бидат исплатени во целост до денот на аплицирање;

-Станбениот објект да не е во фаза на градба и во него барателот да живее;

-Да нема приклучок на градско централно греење во станбениот објект каде што ќе биде инсталиран уредот, без оглед на тоа дали го користи;

-Да нема техничка можност за приклучок на системот за централно греење.

-Само едно лице по домаќинство може да поднесе едно барање за добивање надоместок при што барањето може да опфаќа еден или повеќе уреди, но барателот мора да ги исполни условите од Јавниот оглас за сите уреди, да предаде онолку печки колку што ќе набави уреди и надоместокот на трошоците направени при набавката на сите уреди нема да надмине повеќе од 15.000.00 или 21.000.00 денари во нето износ, во зависност од уредот кој е набавен.

-Повеќе домаќинства кои се водат на иста адреса задолжително да достават сметки од различни броила за електрична енергија како доказ дека се посебни одвоени домаќинства.

**Член 5**

Право на учество на Јавниот оглас имаат граѓаните кои живеат на подрачјето на Општина Ѓорче Петров и имаат купено топлотна пумпа или клима уред во период од 01.01.2025 година, се до денот на завршување на Јавниот оглас, односно до исцрпување на предвидените финансиски средства.

**Член 6**

Јавниот оглас го објавува градоначалникот на општината на веб страната на општината.

**Член 7**

Советот на Општина Ѓорче Петров го овластува градоначалникот општината да може да објави Јавен оглас за доделување на финансиски средства за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) и да формира комисија за изготвување на Јавниот оглас и спроведување на постапката за избор.

**Член 8**

Одлуката за избор на корисници на субвенции за дел од трошоците направени при набавка на топлински пумпи (клима уреди или топлотни пумпи) ја донесува градоначалникот на предлог на комисијата.

Против одлуката за избор е дозволен приговор, кој се доставува до комисијата, а по приговорот одлучува градоначалникот.

**Член 9**

Комисијата формирана за изготвување на Јавниот оглас и спроведување на постапката за избор на корисници на субвенции е должна до советот и градоначалникот на општината да достави извештај за својата работа.

**Член 10**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-807/11**
**од 30.04.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Зоран Најдановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за организирање натпревар ЕКО-УЧИЛИШТЕ помеѓу Општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува одлуката за одобрување финансиски средства за организирање натпревар ЕКО-УЧИЛИШТЕ помеѓу Општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 30.04.2025 година.

**Број 02-856/11**
**од 30.04.2025 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК НА
ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст ( Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 8/23) и Годишната програмата на активности од областа за заштита на животната средина за 2025 година (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 14/24), советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница одржана на ден 30.04.2025 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства за организирање на квиз натпревар ЕКО - УЧИЛИШТЕ помеѓу Општинските основни училишта во Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за организирање на квиз натпревар за Еко-училиште, под назив **„ЕКО-Квиз“** помеѓу општинските основни училишта од Општина Ѓорче Петров.

Квиз натпреварот да се одржи во периодот од 01.05.2025 до 10.06.2025 година, а датумот да биде усогласен со училишните обврски на учениците, климатските услови и други предуслови кои влијаат врз добрата организација.

**Член 2**

Финансиските средства во висина од 500.00,00 денари за организирање, спроведување и доделување на наградниот фонд на квиз натпреварот се предвидени во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година.

**Член 3**

Главната награда за училиштето победник на квиз натпреварот е **„Еко – игралиште“** (опрема за детско игралиште изработено од еколошки материјали).

Покрај главната награда на учесниците на квиз натпреварот им се доделуват:

- Еко – медали за освоено прво место;
- Еко – медали за учество на учениците во тимовите;
- Пофалници за учесниците во тимовите;
- Благодарници за учество на училиштата во натпреварот.

**Член 4**

Право на учество на квиз натпреварот имаат Општинските Основни Училишта:

- О.О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски
- О.О.У. Тихомир Милошевски
- О.О.У. Јоаким Крчовски
- О.О.У. Страшо Пинџур

- О.О.У. Ѓорче Петров
- О.О.У. Мирче Ацев

Секое од наведените општински основни училишта е претставувано од тим создаден од четири членови кои се ученици во тоа училиште.

Учениците кои ќе го претставуваат своето училиште се ученици во седмо (VII) одделение во учебна 2024/2025 година, тимовите можат да бидат составени од ученици од различни паралелки од седмо (VII) одделение во истото училиште.

**Член 5**

За следење на регуларноста за време на натпреварот, градоначалникот на Општина Ѓорче Петров формира комисија од минимум три членови, која ги запишува одговорите на тимовите и ги објавува крајните резултати од натпреварот.

Победникот на натпреварот го прогласува градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 6**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-807/12** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**од 30.04.2025 година** **Претседавач,**
**Скопје** **Зоран Најдановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Правилник за измени и дополнување на правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови,спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации**

Се објавува Правилникот за измени и дополнување на правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови,спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации, што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров, што советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Педесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 30.04.2025 година.

**Број 02-856/12**
**од 30.04.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 49 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.239/22), член 22-а од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр.29/02, 66/04, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 244/19) и член 16 став (1) точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров – Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница одржана на 30.04.2025 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## за измени и дополнување на Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров

**Член 1**

Се вршат измени и дополнување во Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации, што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров бр. 08-1059/9 од 07.06.2023 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 6/23).

**Член 2**

Во член 4 став 2 точка 1 , текстот од алинеја 2 и 3 во целост се брише и се заменува со нов текст кој гласи:

-„Годишна Програма за работа на клубот“;

-„Планирани расходи за средствата за кои се аплицира“.

Во точка 3 од истиот член, текстот од алинеја 1 „-Меѓународен спортски успех: Олимписки игри, Европско првенство, Светско првенство, Спортска манифестација со меѓународно значење“ се брише и се заменува со нов текст кој гласи: „ -Потврда дека е регистриран член на клуб и дека нема изречена дисциплинкса и/или друга мерка за забрана за настапи и сл.“, и се додаваат две 2нови алинеи кои гласат:

„- Програма за тренажен процес и учество на натпревари, за која се бара финансиска поддршка“ ,

„-Досегашни постигнати резултати и планиран спортски резултат“.

Алинеја 2 станува алинеја 4.

**Член 3**

Во членот 7 став 1 точка 1.2. по зборовите „проектна пријава“ се додаваат зборовите „и Годишна програма за работа на клубот“.

Во точка 1.3. од истиот член по зборовите „копија од“ се додава зборовите „решение и“.

Во став 2 од истиот член, во точка 2.2. се бришат зборовите „проектна пријава“ и се заменуваат со зборовите „Програма за тренажен процес и учество за натпреварување“, во точка 2.4. текстот во целост се брише и се заменува со нов текст кој гласи „Потврда од матичната федерација за релевантноста на постигнатите спортски резултати“.

**Член 4**

По членот 7, се додава нов поднаслов кој гласи:

„Бодовна листа“ и нов член 7а кој гласи:

„Се утврдува бодовна листа за рангирање на апликациите според објавените критериуми во Јавниот оглас за распоредување на буџетски средства за финансирање на програми, проекти, активности и манифестации во областа на спортот од интерес за Општина Ѓорче Петров во следниот текст и содржина:

# БОДОВНА ЛИСТА

## за рангирање на апликации согласно критериумите предвидени во Јавниот оглас за распоредување на буџетски средства за финансирање на проекти, активности и манифестации во областа на спортот од интерес за Општина Ѓорче Петров

**1. Структура и ресурси на организацијата/здружението/апликантот.**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Критериум - бодовна листа наменета за оценување на пристигнатите пријави од јавниот повик за распределување на финансиски средства од Годишната програма** за активностите од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров **- СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ** | | | | |
| | | | | |
| **Назив на спортскиот субјект - предлагач:** | | | | |
| | | | | |
| **Име на програмската активност:** | | | | |
| | Критериум | Вредност во бодови | Вкупно освоени бодови | Забелешка |
| 1 | Број на учесници во програмите и проектите | 40 | | |
| 2 | Тип на манифестацијата и од интерес на Ѓорче Петров | 30 | | |
| 3 | Стручноста и искуството на апликантот за спроведување на проекти | 15 | | |
| 4 | Остварени спортски резултати | 15 | | |
| | **Вкупно:** | **100** | | |
| | **Број на учесници** | **Бодови** | **Вкупно освоени бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Над 150 учесници | 40 | | |
| 2 | Од 100 до 150 учесници | 30 | | |
| 3 | Од 50 до 100 учесници | 20 | | |
| 4 | Под 50 учесници | 10 | | |
| | **Тип на манифестацијата и од интерес на Ѓорче Петров** | **Бодови** | **Вкупно освоени бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Манифестацијата целосно соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Ѓорче Петров | 30 | | |
| 2 | Манифестацијата во некои точки соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Ѓорче Петров | 20 | | |
| 3 | Манифестацијата многу малку соодејствува со приоритетите и целите на програмата за спорт на Ѓорче Петров | 10 | | |
| | **Вкупно освоени бодови:** | | | |

**Комисија за распоредување на буџетски средства:**

1 **Претседател** ______________________

2 **Член** ______________________

3 **Член** ______________________

4 **Член** ______________________

5 **Член** ______________________

______________________

**Скопје, ________ година**

**Критериум - бодовна листа наменета за оценување на пристигнатите пријави од јавниот повик за распределување на буџетски средства од Годишната програма за активностите од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров - ПРОФЕСИОНАЛНИ И АМАТЕРСКИ КЛУБОВИ**

**Назив на спортскиот субјект - предлагач:**

| | Критериум | Вредност во бодови | Вкупно освоени бодови | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Потврда од соодветната федерација за учество во највисок ранг на натпреварување | 25 | | |
| 2 | Статус и категорија на меѓународен натпревар (првенство) | 20 | | |
| 3 | Број на активни членови | 20 | | |
| 4 | Број на членови кои историски придонеле за развој на спортот | 10 | | |
| 5 | Влијанието на клубот/здружението за развој на спортот во Општина Ѓорче Петров | 10 | | |
| 6 | Стручноста и искуството на апликантот во одредениот спорт( потврда за дипломирани стручни кадри, официјални лиценци). | 15 | | |
| | **Вкупно:** | **100** | | |
| | **Статус и категорија на меѓународен натпревар (првенство)** | **Бодови** | **Вкупно освоени бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Во календар на матичната светска спортска федерација | 20 | | |
| 2 | Во календар на матичната европска спортска федерација | 15 | | |
| 3 | Меѓународни натпревари во балканска конкуренција | 10 | | |
| 4 | Подготвителни турнири во сениорска и младинска конкуренција | 5 | | |
| | **Број на интернационални натпревари и натпртевари во највисок ранг на натпреварување во организација на интернационалните односно матичните федерации** | **Бодови** | **Вкупно освоени бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Светско натпреварување | 20 | | |
| 2 | Европски интернационални лиги | 15 | | |
| 3 | Домашни лиги од највисок ранг | 10 | | |
| 4 | Сите преостанати домашни лиги(од понизок ранг) | 5 | | |
| | **Клуб со историска вредност и од значаен интерес за Општина Ѓорче Петров** | **Бодови** | **Вкупно освоени бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Клуб со над 50 годишна историја и постоење | 10 | | |
| 2 | Клуб со над 20 годишна историја и постоење | 7 | | |
| 3 | Клуб со 1-5 годишна историја и постоење | 4 | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупно освоени бодови:** | | |

**Комисија за распоредување на буџетски средства:**

1 **Претседател** ____________________

2 Член ____________

3 Член ____________

4 Член ____________

**Скопје, ________ година**

5 Член ____________

| **Критериум - бодовна листа наменета за оценување на пристигнатите пријави од јавниот повик за распределување на буџетски средства од Годишната програма** за активностите од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор на Општина Ѓорче Петров<br>**ПОДДРШКА НА СПОРТИСТИ ВО ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Име и презиме на спортистот** | | | | |
| **Спорт и клуб за кој настапува** | | | | |
| | Критериум | Вредност во бодови | Вкупно освоени бодови | Забелешка |
| 1Спортист од светска категорија | | 40 | | |
| 2 Спортист од меѓународна категорија | | 30 | | |
| 3 Спортист од државна категорија | | 20 | | |
| 4 Остварени спортски резултати | | 10 | | |
| | **Вкупно:** | **100** | | |
| | **Број на настапи** | **Бодови** | **Вкупно освоени бодови** | **Забелешка** |
| 1 | На светски куп, првенство, митинг | 40 | | |
| 2 | На меѓународна сцена | 30 | | |
| 3 | Натпревар од државен карактер, во календар на федерациите | 20 | | |
| 4 | Локален, меѓуградски, општински натпревар | 10 | | |
| | **Спортист од посебен интерес и придонес за Општина Ѓорче Петров** | **Бодови** | **Вкупно освоени бодови** | **Забелешка** |
| 1 | Спортист-сениор кој со својот успех, значително влијаел на развој на спортот во општина ЃП | 30 | | |
| 2 | Спортист од помлади возрасни категории, кој со својот успех, значително влијае за развој на спортот во Општина ЃП | 20 | | |
| 3 | Спортист-спортска надеж | 10 | | |
| | **Вкупно освоени бодови:** | | | |

**Комисија за распоредување на буџетски средства:**

1 **Претседател** ____________

2 **Член** ____________

3 **Член** ____________

4 **Член** ____________

**Скопје, ________ година**

5 **Член** ____________

**Член 5**

Во член 10 став 1 точка 2, зборовите „отвора и разгледува“ сврзникот „и“ се заменува со интерпункцискиот знак „запирка „ и по зборот „разгледува“се додаваат зборовите „и бодува“.

Во точка 4 од истиот член на крајот на реченицата интерпункцискиот знак „точка запирка“ се заменува со сврзникот „и“ и се додаваат зборовите „распределба на средства“.

**Член 6**

Во член 13 точка 1 зборот „триесет“ се заменува со зборот „петнаесет„.

**Член 7**

Останатите одредби од Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации, што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров бр. 08-1059/9 од 07.06.2023 година („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 6/23)., остануваат во сила.

**Член 8**

Правилникот за измени и дополнување на правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации, што се одржуваат во Општина Ѓорче Петров влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“

**Број 02-807/13**
**Од 30.04.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Зоран Најдановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ

**За објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Кисела Вода**

Се објавува одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Кисела Вода во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор за комунални дејности, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 30.04.2025 година.

**Број 02-856/13**
**од 30.04.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 14 и 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 9 став 2 алинеја 2, а во врска со член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница одржана на 30.04.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка  помеѓу  Општина Ѓорче Петров и Општина Кисела Вода во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор за комунални дејности**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Ѓорче Петров воспоставува меѓуопштинска соработка со Општина Кисела Вода заради вршење на работите од инспекциски надзор од областа на комунални дејности преку овластен комунален инспектор вработен во Општина Кисела Вода на територија на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Видот на работите кои ќе бидат извршувани, висината на надоместокот за извршените работи, времетраењето на вршење на работите, како и условите за престанок на соработката и други прашања, ќе бидат регулирани со Договор за меѓуопштинска соработка, склучен помеѓу градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и градоначалникот на Општина  Кисела Вода.

**Член 3**

По стапување на сила на одлуката, истата да се достави до Општина Кисела Вода.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-807/14**
**од 30.04.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Зоран Најдановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
### За објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Кисела Вода

Се објавува одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Кисела Вода во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор за домување, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 30.04.2025 година.

**Број 02-856/14**
**од 30.04.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 14 и 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 9 став 2 алинеја 2, а во врска со член 29 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија“ бр.79/09), советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница одржана на 30.04.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Ѓорче Петров и Општина Кисела Вода во делот на надлежностите на инспекцискиот надзор за домување**

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Ѓорче Петров воспоставува меѓуопштинска соработка со Општина Кисела Вода заради вршење на работите од инспекциски надзор од областа на домување преку овластен инспектор вработен во Општина Кисела Вода на територија на Општина Ѓорче Петров.

**Член 2**

Видот на работите кои ќе бидат извршувани, висината на надоместокот за извршените работи, времетраењето на вршење на работите, како и условите за престанок на соработката и други прашања, ќе бидат регулирани со Договор за меѓуопштинска соработка, склучен помеѓу градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

По стапување на сила на одлуката, истата да се достави до Општина Кисела Вода.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-807/15**
**од 30.04.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Зоран Најдановски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишен план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

Се објавува одлуката за давање согласност на измената и дополнувањето на Годишен план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2025 година, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесет и четвртата седница на советот, одржана на ден 30.04.2025 година.

**Број 02-856/15**
**од 30.04.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на Република С. Македонија“ број 275/19 и 14/20), член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и 143/19), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров - Пречистен текст („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 54-тата седница одржана на 30.04.2025 година, донесе:

## ОДЛУКА
### за давање согласност на Измената и дополнувањето на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2025 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Измената и дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2025 година, број 01-805/1 од 23.04.2025 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-807/16**
**од 30.04.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседавач,**
**Зоран Најдановски с.р.**